Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ( “Службен весник на РМ “ број 5/02 ), а во врска со член 36 став 1 точка 10 и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип (“Службен гласник” број 1/03), Градоначалникот на Општина Штип на ден 04.10.2012 донесе:

# РЕШЕНИЕ

## за формирање и именување на постојано работно тело “Економски совет” при ЕЛС – Општина Штип

### Член 1

СЕ ФОРМИРА постојано работно тело “Економски совет” при ЕЛС- Општина Штип.

Во постојаното работно тело “Економски совет” при ЕЛС- Општина Штип се именуваат постојани и непостојани членови.

Во постојаното работно тело “Економски совет” при ЕЛС- Општина Штип како постојани членови, се именуваат:

- д-р Зоран Алексов
- Зоран Митревски
- Сашо Миладинов
- Душко Зенделов
- Љупчо Манџуков
- Костадин Барзов
- Никола Мицевски
- Мите Николов
- Тони Јовев
- Трајан Ангелов
- Иле Николов
- Ангел Дончевски
- Руди Јордев

Во постојаното работно тело “Економски совет” при ЕЛС- Општина Штип за потребите на Советот, дополнително ќе се именуваат непостојани членови од редовите на Стопанските субјекти при ЕЛС- Општина Штип.

### Член 2

Надлежностите и задачите на постојното работно тело “Економски совет” при ЕЛС –Општина Штип е да дава предлози, сугестии, да поткренува иницијативи, да подготвува и имплементира проекти до и во соработка со органите и општинската администрација на ЕЛС-Општина Штип и тоа од областа на економијата, финансиите, стопанството и сл., а посебно:

1. Урбанистичко (урбано и рурално) планирање, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште;

2. Заштита на животната средина и природата- мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од буцава и нејонизирачко зрачење;

3. Локален економски развој- планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;

4. Комунални дејности – снабдувањето со вода за пиење; испорака на технолошка вода; одведувањето и пречистувањето на отпадните води; собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад; снабдувањето со природен гас и топлинска енергија; изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање и сл;

5. Културата –институционалната и финансиската поддршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации, поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво;

6. Спортот и рекреацијата- развојот на масовниот спорт и рекреативните активности; организирањето на спортски приредби и манифестации; одржувањето и изградбата на објекти за спорт, поддршка на спортски сојузи;

7. Социјална заштита и заштита на децата-детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање инвестиции и одржување);

8. Образование- основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт во согласност со закон;

Член 3

Работата на постојното работно тело "Економски совет" при ЕЛС –Општина Штип е волонтерска, без надоместок.

Член 4

Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник" на Општината Штип.

Број 08-6871/1
Октомври, 2012 година
Штип

Градоначалник
на Општината Штип
д-р Зоран Алексов